Врз основа на член 73 став (1) точка 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и за разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 мај 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Викторија Ацоска од Скопје со бр. УП2 09-71/26 од 3 февруари 2026 година против:

    - Фактурите за топлинска енергија за грејна сезона 2025/2026, од ЕСМ Снабдување со топлина, за стан на ул. Фрањо Клуз бр.16-1/83 со шифра на потрошувач 462341 и шифра на мерно место 05720160111, СЕ ОДБИВА.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

## О б р а з л о ж е н и е

Викторија Ацоска од Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-71/26 од 3 февруари 2026 година против:

- Фактурите за топлинска енергија за грејна сезона 2025/2026, од ЕСМ Снабдување со топлина, за стан на ул. Фрањо Клуз бр.16-1/83 со шифра на потрошувач 462341 и шифра на мерно место 05720160111

Именуваната поднела Приговор до ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ против фактурите за топлинска енергија за грејна сезона 2025/2026, од ЕСМ Снабдување со топлина, за стан на ул. Фрањо Клуз бр.16-1/83 со шифра на потрошувач 462341 и шифра на мерно место 05720160111.

Постапувајќи по поднесениот приговор, ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ како првостепен орган во постапката доставил до потрошувачот Одговор на барање со арх. бр. 03-105 од 16 јануари 2026 година со кој дава одговор во однос на квалитетот на испораката на топлинска енергија.

Незадоволна, именуваната поднесе приговор против фактурите за топлинска енергија за грејна сезона 2025/2026, од ЕСМ Снабдување со топлина, за стан на ул. Фрањо Клуз бр.16-1/83 со шифра на потрошувач 462341 и шифра на мерно место 05720160111.

ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје во произнесувањето наведе дека објектот има редовна испорака и се фактурирало согласно законската регулатива. Немало никаков основ за ослободување или намалување на фактурата. Последно инфо од овластените монтери за конкретниот стан било дека имале лоша изведба во катното ормарче. На линијата за довод кај што биле врзани имало пад на цевката што придонесувала да се заробува воздух на лошо место, при што славиницата за воздух била практично нефункционална.
Секогаш кога странката рекламирала на 3076-200 е интервенирано, но за целосно решавање на проблемот со лошо изведената инсталација требало да се обратат кај фирма овластена за термотехнички изведби како би ја корегирале инсталацијата за конкретниот стан.

Дополнително од страна на ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје е доставен Записник за енергетски прием на објект на ул. Фрањо Клуз, бр.16 од 9 јануари 2025 година, каде за стан 83 се измерени температури од 24,9°C, 25 °C и 25,1 °C.

На 7 мај 2026 година беше одржана седница на Комисија за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива. На седницата се изврши увид во приложените докази од страна на подносителот на приговорот и страната против која е поднесен приговорот, и тоа:

- Фактури за топлинска енергија за грејна сезона 2025/2026, од ЕСМ Снабдување со топлина, за стан на ул. Фрањо Клуз бр.16-1/83 со шифра на потрошувач 462341 и шифра на мерно место 05720160111,
- Приговор поднесен од Викторија Ацоска до ЕСМ Снабдување со топлина против фактурите за топлинска енергија за грејна сезона 2025/2026, од ЕСМ Снабдување со топлина, за стан на ул. Фрањо Клуз бр.16-1/83 со шифра на потрошувач 462341 и шифра на мерно место 05720160111,
- Одговор на барање со арх. бр. 03-105 од 16 јануари 2026 година од ЕСМ Снабдување со топлина,
- произнесување од ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ во врска со поднесениот приговор од Наташа Викторија Ацоска УП2 09-71/26 од 3 февруари 2026 година.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на приговорот утврди дека истиот не е основан.

Согласно член 43 став (1) и (2) од Правилата за снабдување со топлинска енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 65/19, 162/19 , 233/20, 312/20 и 38/22), во текот на грејната сезона снабдувачот има обврска да обезбеди минимална температура од 20+1° С во грејните простории во времето од 06:00 до 22:00 часот во текот на денот при потполно отворени радијаторски вентили.

Снабдувачот гарантира договорен квалитет на испораката на топлинска енергија единствено во објекти во кои внатрешната грејна инсталација е технички и функционална исправна и во кои не е нарушен енергетскиот биланс.

Согласно член 12 став (1) точки 7 и 8 од Правилата за снабдување со топлинска енергија, потрошувачот покрај останатите обврски има обврска и да ја одржува техничката и функционална исправност на грејната инсталација на објектот и грејната инсталација на потрошувачот и да му овозможи слободен пристап на снабдувачот до заедничката инсталација на потрошувачот.

При направениот увид во доставените докази е утврдено дека при енергетскиот прием на објект на ул. Фрањо Клуз, бр.16 од извршените мерења во стан 83 од страна на снабдувачот е исполнета обврската за обезбедување на минимална температура од 20+1° С во грејните простории. Понатаму одржувањето на техничката и функционална исправност на грејната инсталација на објектот и грејната инсталација на потрошувачот е обврска на самиот потрошувач.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–71/26**
**15 мај 2026 година**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**